

# ПАТ НА ЖИВОТОТ

ГОДИНА 54

МАЈ - ЈУНИ 2024

СПИСАНИЕ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ГОЛГОТА | 3 |
| ДЕНОТ КОЈ ПРОМЕНИ СÈ | 4 |
| ДОАЃА НЕДЕЛА | 7 |
| БОЖЈО РЕМЕК-ДЕЛО | 10 |
| ЗАТОА ОДЕТЕ | 11 |
| МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ | 17 |
| НОВОСТИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ | 19 |
| ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА | 30 |
| РЕСУРСИ/ИНФОРМАЦИИ | 31 |



# ГОЛГОТА

На крајот на патот: Голгота.
Рид во облик на череп.
Место на погубувањето: надвор од градот.
Не сум Симон кој го носеше товарот на крстот.

Но, Исус, Кого Го одведоа надвор од градот, го носи мојот товар.
Неговото лице под трновиот венец е полно со сето страдање на светот.
Не можам да побегнам од мојата вина, но можам да ја оставам при Оној Кој го зеде врз Себе гревот на целиот свет.
Го наоѓам спасението, одејќи по овој пат до крај, до Голгота.

# ДЕНОТ КОЈ ПРОМЕНИ СЀ

***„Не е овде, воскресна, како што беше рекол; дојдете и видете го местото, каде што лежел Господ.“***

***Матеј 28:6***

ВОСКРЕСЕНИЕТО на Исус Христос промени сè. Тоа ја промени групата разочарани, обесхрабрени, омаловажени ученици во група запалени, страсни проповедници кои го свртеа светот наопаку. Воскресението на Исус Христос може да го промени и твојот живот исто така.

Тоа може да донесе нешто што ни треба на сите, нешто што недостига денес: НАДЕЖ. Мора да имаме надеж за да преживееме во животот. Некој рекол дека можеме да живееме четириесет дена без храна, три дена без вода, околу осум минути без воздух и околу една секунда без надеж.

Библијата ни кажува за двајца ученици на Исус кои беа изгубиле надеж. Нивното разбирање било дека Месијата ќе ја собори тиранијата на Рим. Но, во пасуси како што се Псалм 22 и Исаија 53, Светото писмо зборува за Спасител Кој страда - а не за воинствен Месија.

Сепак, се чини дека на луѓето им недостигаше тоа. Кога Исус се качи во Ерусалим на магаре, а луѓето положија гранки пред Неговите нозе и извикуваа: „Осана!“ (Матеј 21:9), тие го покажаа своето погрешно разбирање зошто Тој дојде. „Осана!“ значи: „Спаси сега!“ Значи, во суштина, тие велеа: „Собори го Рим сега! Воспостави го Твоето царство сега!“

Во нивните умови се чинеше дека сѐ оди прекрасно. Но, одеднаш и неочекувано, еден од избраните ученици на Исус Го предаде. Исус беше испратен на судење и во брзање да Му се суди, тие Го камшикуваа и на крајот ладнокрвно Го убија пред нивните очи.

Неговите следбеници беа целосно уништени. Тоа беше нивниот Месија. Тоа беше нивниот херој. И тоа беше нивниот пријател. Тие сѐ уште Го сакаа. Тие ги почитувале Неговите учења и го почитувале Неговиот спомен. Но, тие почувствуваа како Тој да не успеа. Тие мислеа дека Тој не успеал да го постигне она за коешто дошол на оваа земја.

И покрај фактот што Исус им рекол дека Тој ќе умре и ќе воскресне, тие го пропуштија тоа. Тие сакаа да излезат од Ерусалим што побрзо. Додека двајца Исусови ученици оделе и зборувале за сѐ што се случило, Исус дошол и почнал да оди со нив.



А Тој им рече: „Какви се тие зборови што ги разменувате меѓу себе одејќи и зошто сте нажалени?“
Лука 24:17

Дали знаеш дека Исус чекори и со тебе исто така? Тој ја забележа тагата испишана на нивните лица, а истото го гледа и кај нас. Ако нешто нè мачи нас, Го мачи и Него. Ако нешто нè засега нас, Го засега и Него.

Иако Исус одеше со двајцата ученици, тие не знаеја дека е Тој. Евангелието на Лука ни кажува дека Бог спречил да Го препознаат Исус (Лука 24:16). На ист начин, Бог е со нас, без разлика дали го знаеме тоа или не. Кога ќе ја положиме својата вера во Исус Христос, Тој станува дел од нашиот живот и ветува дека никогаш нема да нè напушти ниту заборави.

Тој не е со нас само во сончеви денови, но Тој е тука и во облачни денови. Тој не е со нас само на врвовите од планините, но Тој е покрај нас и во долините. Тој оди со нас преку сè со што се соочуваме.

***Грег Лори***





# ДОАЃА НЕДЕЛА

Евреите 12:2 ни го кажува ова за Исус:
***„Кој, поради Неговата идна радост претрпе крст.“***
Тешко е да се размислува за целото страдање што го доживеал Исус и тоа да се сфати како радосно време. Знаеме дека Тој доживеал мачна болка - поголема болка од која било што некој од нас може некогаш да ја доживее. Сеќавањето на овој настан го нарекуваме Велики (Добар) петок, но на многу начини изгледа како лош петок кога навистина ќе размислиш за тоа.

А сепак... имаше радост пред Него. Што значи тоа? Тоа значи дека она што Тој го виде низ целата болка беше очекувањето на Воскресението. Тој можеше да го издржи петок бидејќи знаеше Недела доаѓа. Па, како можеме јас и ти да најдеме радост среде страдањата во нашите животи? Како можеме да одговориме со надеж кога чувствуваме како животот да нè распнува?

Ако те боли, те боли. Ако си тажен, тажен си. Ако си очаен, очаен си. Не можеш едноставно да се спуштиш од крстот на твоето страдање. Понекогаш мораме да ги издржиме тешките работи, тешките времиња и тешките околности. Но, во исто време, можеме да се држиме за надежта дека иако можеби е Петок денес, Недела доаѓа.

Твојата болка е вистинска, но исто така и твојата надеж. И поради таа надеж, ти можеш да најдеш радост дури и во најтемните моменти. На хоризонтот има воскресение.

***Тони Еванс***





**Божјата љубов**
**нѐ води кон нов**
**живот**
**со надеж за**
**воскресение.**

# БОЖЈО РЕМЕК-ДЕЛО

***„Не плаши се, зашто Јас те откупив, по име те повикав; ти си Мој.“***

***Исаија 43:1***

За да ја илустрирам проповедта, отидов до една прекрасна слика и со четка ставив темна линија на средината. Заедницата беше вчудовидена. Уметничката мирно стоеше на страна и ме гледаше како го уништувам она што го создаде. Потоа, избирајќи нова четка, уништената слика ја претвори во прекрасно уметничко дело.

Нејзината реставрација на сликата ме потсетува на тоа што Бог може да направи во нашите животи кога ќе направиме хаос од нив. Пророкот Исаија го прекорил народот на Израел за нивното духовно слепило и глувост (Исаија 42:18,19), но потоа објавил надеж за Божјо избавување и откуп: „Не плаши се, зашто Јас те откупив“ (ст. 1). Тој може да го стори истото за нас. Дури и кога грешиме, ако ги исповедаме своите гревови и се свртиме кон Бог, Тој ни простува и нѐ враќа (ст. 5-7; 1 Јованово 1:9). Ние сами не можеме да ја вратиме убавината на нешто што сме го уништиле, но Исус може. Добрата вест на Евангелието е дека тој нѐ откупи со Својата крв. Книгата на Откровението нѐ уверува дека на крајот Христос ќе ги избрише нашите солзи, ќе го откупи нашето минато и ќе направи сѐ ново (Откровение 21:4,5).

Имаме ограничена слика за нашиот живот. Но, Бог кој нѐ познава „по име“ (Исаија 43:1) ќе ни го направи животот поубав отколку што некогаш би можеле да замислиме. Ако сте откупени со вера во Исус, вашата приказна, како и сликата, има славен крај.

***Исусе, Ти благодарам што никогаш не се откажуваш од нас. Ти се предаваме и се молиме да го откупиш она што ние го уништивме.***

***Превод: Ребека Пенева***



# ЗАТОА ОДЕТЕ...

*Проповед на епископот Штефан Цирхер во Моностиитово, на 7 април 2024 г. (според Лука 10:1-11)*

„Затоа одете и правете ученици од сите народи“ - ова е мотото на нашата Годишна конференција.
„Затоа одете...“ Тоа значи: „Одете кај луѓето, одете во нивните села и градови, одете на плоштадите и во нивните домови, одете таму каде што се луѓето и каде што тие живеат, каде што работат и го поминуваат слободното време, каде што ги негуваат своите врски и се одмараат. Одете и споделете парче живот со нив!
Одете и барајте заедно со луѓето начини на кои можете да ги придружувате на нивниот пат да станат ученици на Исус, како можете да ја живеете верата заедно со нив, овде и сега, веродостојно, преносливо и соодветно.“

Според моето искуство ние сме добри во планирање на програми и во поканување на луѓето да дојдат во црква со нас (тоа е дојди - структура на служење). Но, имам впечаток дека луѓето не доаѓаат на црква така лесно како порано и дека е време да се слушне и да се практикува Исусовиот повик да се оди одново. Бидејќи не сме толку добри да одиме кај луѓето таму каде што тие се (тоа е оди - структура на служење) ни треба водство.
Лука 10:1-11 нѐ води да одиме (прочитај).

Сакам да истакнам три мисли од Лука 10: „Одете во градовите и куќите! Одете без багаж; одете на масите на вашите соседи; бидете сигурни дека одите со Божјиот мир.“

• Одете без багаж

„Одете сега! Не носете со себе ни ќесе, ни торба, ниту обувки“ (ст.4).

Тешко ми е да го замислам тоа. Јас возам велосипед, па дури имам и малку пари складирано во џебот на мојот велосипед. Бидејќи не би сакал да дојдам во ситуација да мора да барам пари од непознати луѓе.

„Одете со празни раце“ - ги поттикнува Исус 70-те. Оние кои патуваат вака зависат од други луѓе за обезбедување на нивните потреби. Повеќето од бегалците од Глобалниот Југ доаѓаат кај нас во Европа како странци кои имаат потреба, зависни од нашето гостопримство. За таа цел, Исус ги поттикнува 70-те: „Станете странци кои имаат потреба, зависни од она што другите ќе ви го дадат!“

„Одете во градовите и куќите“ без багаж.

Јас морам да размислам за „багажот“ во мојата глава: моите убедувања и вредности, моето знаење и разбирање на Библијата и црквата, моите искуства во верата, сите видови методи и концепти како да дојдам до луѓето, моите цели. Колку лесно овој „багаж“ ме прави слеп и глув и ме спречува да откријам што Бог подготвил и има на ум преку моите ближни! (Ефесјаните 2:10)

Да, потребно е да се има убедување и слично. Но оваа случка нè охрабрува: „Оставете го сето тоа дома за момент! Тоа е пречка. Наместо тоа, без таков багаж, одете кај луѓето таму каде што се. И гледајте, слушајте внимателно, обрнете внимание на тоа што Бог го прави со нив. Бидете како странци кои љубопитно влегуваат во непознат свет.“



Како методисти, ние веруваме во Божјата претходна благодат. Тоа значи дека ние цврсто веруваме дека Бог веќе е блиску до луѓето кај кои нè испраќа и им го нуди Својот мир. Дозволено ни е да се вклучиме во Неговата работа. Затоа е важно засега да го оставиме целиот наш багаж и да гледаме и слушаме за подобро да ги запознаеме, да ја запознаеме нивната животна приказна, нивната приказна за верата, да откриеме што навистина им треба (како Илија во куќата на вдовицата од Сарепта), да развиеме чувство за тоа каде и како Бог работи во нивните животи, што Тој има на ум, каква форма зазема Евангелието во нивната ситуација.
Ова не се случува преку ноќ. Потребно е време, трпение, воздржаност, отворени очи и уши и подготвеност да се научи нов јазик на верата. - Одете без багаж!

Гледање и слушање: можете да го направите тоа добро кога јадете заедно.
• Одете на масите на вашите соседи
„Останете во куќата во која сте добредојдени, јадете и пијте она што ќе ви дадат таму“ (ст.7)
„Јадете и пијте она што ќе ви дадат таму“.
И вие веројатно го знаете тоа: секое семејство има своја култура на јадење и свои навики на трпезата. Некои слични на нашите, некои сосема различни и непознати за нас. Исус ги праќа 70-те до такви различни култури на хранење: „Претопете се во културата на луѓето кои ве примаат, живејте во нивните куќи, станете дел од нивното домаќинство и нивниот секојдневен живот, работете, јадете, прославувајте, споделете го животот со нив.“ Се разбира, тоа не биле домаќинства какви што ги знаеме во Западна Европа, со три, четири, можеби понекогаш со шест или седум членови на семејството. Во тоа време цели кланови живееле заедно со своите вработени, триесет, четириесет, понекогаш педесет луѓе. Можеби знаете колку изгубено се чувствувате во такво непознато опкружување, барем на почетокот. Многу нешта се различни, непознати. Треба да се ориентирате на сосема нов начин, треба да ги запознаете луѓето, нивните приказни, нивните вредности, нивните навики.

Има ли подобар начин да се направи тоа од живеењето заедно во домашна заедница и на маса?

Луѓето раскажуваат приказни, ги споделуваат радостите и тагите, тие се во средиштето на сето тоа. Онаму каде што на овој начин се претопуваме во заедницата - колку што е можно во нашиот контекст - ние не само што го запознаваме животот на нашите пријатели, ближни или колеги од работа, туку и учиме, кога обрнуваме внимание, да го слушаме евангелието на Божјиот мир за ова конкретно место со овие луѓе, да ги видиме работите преку нивните очи, да разбереме и да живееме со нив.



Потресен сум од оваа случка и ги доведувам во прашање моите приоритети. Зарем не треба да ја живееме сржта на црквата првенствено таму каде што луѓето живеат, работат и го поминуваат своето слободно време, наместо во црквите и салите за состаноци или конференции? Ако Бог е со луѓето таму каде што живеат, во нивните домови и градови, ако Тој има нешто на ум и прави нешто таму, зарем не треба да бидеме таму пред сè, со отворени очи и уши, отворени умови и срца, за да откриеме што ни подготвува Тој?
Од првите христијани учиме дека Црквата треба да биде онаму каде што луѓето живеат и го поминуваат своето време!

Кажавме дека треба да одиме кај нашите ближни без багаж. Но, сепак не одиме со празни раце:

- Одете со Божјиот мир

„И во секоја куќа во која ќе влезете, прво кажете: »Мир на оваа куќа...« и говорете им: „Се приближи до вас царството Божјо“ (ст. 5, 9).

Ние сме носители на мир! Таму каде што е Божјото царство, таму треба да биде „мир на земјата.“ Закхеј и оние околу него имаа импресивно искуство за преобразувачката моќ на Божјиот мир кога Исус дојде во неговата куќа.
„Денес дојде спасението врз овој дом“ ги сумираше Исус настаните. Што се случи? Закхеј најде мир со себе и од престапник стана добротвор. Божјиот мир има индивидуална страна.
Закхеј најде мир со своите ближни. Тој ги исправи направените грешки. Божјиот мир има и социјална страна.
И Закхеј најде мир со Бог. Тој почна да го живее својот повик како возљубен син на небесниот Татко. Божјиот шалом има и духовна страна.
Како и во куќата на Закхеј, Божјиот мир сака да се шири секаде каде ќе нè испрати Исус:
„Одете со Божјиот мир. Вие сте Моите носители на мир! Објавувајте го Мојот мир со сите ваши постапки и зборови. Верувајте дека ќе ве опфати, лекува и трансформира вас и луѓето со кои живеете во нивните домови и градови. Мир на земјата!“



***Заклучок***
Случката за испраќањето на 70-те во мене буди сон, идна слика на Црквата: насекаде методисти и нивните ближни се среќаваат во домовите и градовите. Тие јадат и пијат заедно, поминуваат време заедно, си служат едни на други, споделуваат дел од нивните животи, ја споделуваат верата. Притоа, тие ја доживуваат преобразувачката Божја моќ. Тие доживуваат како мирот се шири во нивните срца, домови и опкружување, како наоѓаат мир со Бог, со себе, со своите ближни и со созданието.

Вака ја замислувам црквата - заедница која им значи нешто на луѓето во нашите градови и соседства бидејќи Го доживеале Бог и Неговиот мир.
„Слава на Бога во висините, а на земјата мир!“
Амин.





# МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ

***Велигденската моќ на мирот***

Тие се заклучија внатре - следбениците на Исус - на таа возбудлива велигденска вечер. Воскреснатиот Исус сретна заедница на длабоко несигурни, дури и исплашени мажи и жени кога влезе меѓу нив, според извештајот на евангелистот Јован (Јован 20:19).

Разбирам дека она што Му се случи на Исус на Велики петок ги исплаши учениците и им го расклати тлото под нозете. Разбирливо е што тие бараа заштита и сигурност меѓу познатите четири ѕида и заклучената врата. Дали ние ќе реагиравме поинаку?

Моите мисли се свртуваат кон заедницата на денешните следбеници на Исус. Кон нас. Барем во Европа, можеме слободно да ја живееме нашата вера. А, сепак Црквата е под притисок на многу места. Сфаќаме дека времињата се сменија. Сè потешко е да се исполни мисијата што Исус ја дал на Својата Црква со познатите и докажани форми на црква. Смислувањето понуди за луѓето и поканувањето да дојдат во црквата, често не функционираат. Поканетите не доаѓаат, столовите остануваат празни. Ова е вознемирувачко, предизвикува егзистенцијални стравови - и во нас го закотвува повлекувањето како одговор и држењето до познатото.

„Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам." Со овие зборови, воскреснатиот Христос влезе во собата каде што се криеја Неговите ученици. Оваа средба не беше без последици. Исполнети со Неговиот мир и водени од Светиот Дух, тие научија да го оставаат настрана својот страв и да одат кај народите како сведоци за Христос.
Велигден!

Нам исто така ни треба Божјиот мир, мирот кој ни дава сигурност дека Христос е блиску до нас, секој ден и на секое место, што и да се случува. А, ни треба и Божјиот Дух, Кој ни овозможува да го доживееме охрабрувачкото и придвижувачко присуство на Исус - за да ги отвориме вратите, да излеземе надвор и да го напуштиме познатиот терен; за да тргнеме по непознати патишта со луѓето околу нас, верувајќи во пробудувачката и преобразувачка сила на Божјиот мир.
Посакувам секој да ја искуси велигденската сила на мирот кој нè води до луѓето!

***Епископ Штефан Цирхер***
*Илустрација: Pixabay*

# НОВОСТИ

## ОД ЗАЕДНИЦИТЕ





# СЕМИНАР ЗА БРАЧНИ ПАРОВИ

На 14-ти и 15-ти март во ЕМЦ Муртино по вторпат се одржа семинар за брачни парови, со тема „Како да го освежите вашиот брак?“ Предавачи беа Небојша и Гордана Савиќ од Србија, кои исто така се и брачни советници и основачи на здружението „Брак и семејство“ во Србија. Тие одржуваат предавања, семинари и конференции во Србија и околните земји.
Имавме благословено време и поуки кои вредеа да се слушнат.
Се надеваме дека во скоро време пак ќе ни дојдат!

***Искуства на присутните:***

Преку учеството на семинарот за брачни парови, Бог ни даде одговор за неколку важни работи за нас. Добивме клучни совети за тоа како да ги негуваме нашите односи на секојдневно ниво, но и како би требало да постапуваме кога ќе се појави некој конфликт. Најважното на кое не треба да заборавиме е дека јас и мојот сопруг сме секогаш тим и заеднички можеме да ги растераме сите црни облаци (проблеми) над нас.

***Христина Манавски***

Благодарна сум на Бог што можев да присуствувам на семинарот за брачни парови. Семинарот беше охрабрувачки и поучен за личностите кои се во брак но, и за оние кои се слободни.

Првата тема, како да се справиме со конфликти наоѓа голема примена не само во бракот туку, и во секојдневните меѓучовечки односи.
Конфликтите се нормална појава, тоа што одиме на црква не значи дека ќе немаме конфликти. Добар брак/однос е брак/однос со конфликти ама партнерите знаат како да ги решат. Неразрешени конфликти доведуваат до крај на еден однос.

Гневот е незгодна емоција, не можеме долго да ја држиме под контрола, нѐ наведува на грев. Најважно е да не ти биде тешко да кажеш „извини“. Не може да се реши конфликтот ако некој не прифати одговорност за тоа што го направил. Од друга страна пак, имаме должност да простуваме затоа што Исус ни прости и Тој нѐ повикува и ние тоа да го правиме.
Ако сакаш да личиш на Бог имаш две пречки: простување и давање. Кога простуваме и кога даваме сме најслични на Бог, бидејќи тие се божествени особини.

***Габриела Чорева***



# ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА 2024

Домаќин на осумдесет и деветтата Провизорна Годишна Конференција на Евангелско-методистичката црква во Србија, Македонија и Албанија беше дистриктот Македонија. Конференцијата се одржа во заедницата во Моноспитово, а траеше од 4 до 7 април. На конференцијата учествуваа вкупно 70 луѓе од трите дистрикта, но неисклучувајќи и неколку гости и соработници во таа бројка.

Една новост за овогодинешната конференција беше епископот Штефан Цирхер и неговата сопруга Валери. Тој во ноември 2022 година беше избран за епископ на Евангелско-методистичката црква за Централна и Јужна Европа, а целосно ја презеде функцијата од епископот Патрик Штрајф на 1 август, 2023 година.
Епископот Штефан претходно го имаше посетено дистриктот Македонија во еден краток временски интервал, но при оваа прилика ни беше чест што имавме повеќе време да размениме зборови и искуства со него, со оглед на тоа дека во негова надлежност се единаесет држави од Европа и две држави од Северна Африка, па затоа неговиот временски распоред е често пополнет.

Темата на конференцијата беше „Одете и правете Мои следбеници од сите народи“, како извадок од Евангелието според Матеј 28:19-20 стих.



Конференцијата започна во четврток со т.н. македонска вечер, која беше исполнета и предводена од деца, млади и возрасни од различни македонски заедници кои имаа свои музички точки и сведоштва. Исто така имаше и проповед која ја одржа пасторот Милен Стефанов.
Во наредните денови - петок и сабота - поголем дел од програмата беше поделена на работа во групи како: работа со деца и млади, работа со жени, мисија и евангелизација и Дијаконија; делегатите по своја волја избираа во која група ќе се вклучат.

Како еден посебен предлог кој беше презентиран од работната група за мисија и евангелизација, беше за следната Годишна Конференција која треба да се одржи во дистриктот Албанија, да биде посветена токму на темата „Мисија и Евангелизација", за која ќе биде поканет и стручен предавач на ова поле. Епископот Штефан го поздрави предлогот и веднаш го постави за гласање. Предлогот се усвои со двотретинско мнозинство. На конференцијата особена благодарност се искажа кон две личности за нивните заложби и жртви.
Една од нив беше проповедничката Нада Шаманова, која и покрај својата пензија, сè уште ѝ служи на заедницата во Моноспитово.
Втората личност беше Митко Конев. Тој со години беше одговорен за Мис Стон Центарот во Струмица, а лани наследи државна пензија. Сега е во процес на подготовка за заминување во пензија и од Дијаконијата.

Во програмата за овие два дена имаше и слободни часови кои се искористија за да се изврши посета на: "Мис Стон" Центарот во Струмица, манастирот „Св. Богородица Елеуса" во селото Вељуса, како и колешинскиот водопад.
Денот отпочнуваше со утрински молитвен час, а завршуваше со Богослужба во која исто така зедоа учество и од дистриктите Србија и Албанија.

Конференцијата заврши со свечена утринска Богослужба на која проповедаше епископот Штефан, но и ја заклучи со објавување на листата со задолженија за секој дистрикт во следната година.

Благодарни сме на Господ Исус Христос за мирното и благословено време во кое измина Годишната Конференција. Но, да не ги изоставиме и нашите пофалби и благодарности упатени најпрвин кон сите браќа и сестри од заедницата во Моноспитово, кои на најразлични начини со радост се грижеа за потребите на гостите од раните утрински часови како искрени и љубезни домаќини на оваа конференција. Благодарност и до многу браќа и сестри кои одвоија време да послужат на конференцијата со даровите кои Бог им ги дал.

***Глигор Тасев***










Therefore go and make disciples of all nations.









# ЗАДОЛЖЕНИЈА ОД ЕПИСКОПОТ

| | |
|---|---|
| Суперинтендент | Пастор Марјан Димов |
| Округ | |
| Колешино | Со помош на студент и<br>локален пастор Дејан Василев<br>Надзор од суперинтендентот |
| Моноспитово | Локален пастор Нада Шаманова<br>(ординиран ѓакон)<br>надзор од суперинтендентот |
| Муртино | Студент и<br>локален пастор Дејан Василев<br>Надзор од суперинтендентот |
| Прилеп | Лаички пастор Никола Јованоски<br>Надзор од суперинтендентот |
| Радовиш<br>Раклиш | Пастор Милен Стефанов<br>Со помош од Ирена Стефанова<br>Надзор од суперинтендентот |
| Кочани | Со помош од<br>пастор Маринко Зафиров<br>Надзор од пастор Милен Стефанов |
| Скопје и Драчево | Локален пастор Лазо Танчев<br>Надзор од суперинтендентот |
| Струмица<br>Вељуса | Пастор Марјан Димов<br>Со помош од пастор Коста Вучков |

# Информации и потсетување

| | |
|---|---|
| Во пензија | Пастор Михаил Цеков<br>Ординиран ѓакон Ванѓе Пецевска<br>Ординиран ѓакон Славе Азманов |
| Студент | Локален пастор Дејан Василев |
| Претставник на Црковно претставништво и правен претставник | Емил Заев, Скопје |
| Канцеларија | Невенка Гиневска, Скопје |
| Финансии | Елисавета Калајлиоска, Скопје<br>Со помош од Мирјана Ѓорѓиева, Струмица |
| Дијаконија Северна Македонија | Мартин Конев, извршен директор<br>Вилфрид Науснер, претставник на Кураториумот<br>Претседател на Дијаконија Македонија: суперинтендент Марјан Димов<br><br>Мис Стон Центар: Митко Конев<br>Домашна нега: Мартин Конев |
| Помошник на дистриктот | Симона Танчева |

*Епископ Штефан Цирхер, Монопитово,*
*7 април 2024 г.*


Водачот на нашите животи никогаш нема да нè одведе таму каде што Неговото присуство нема да нè сретне.




- Илустрација:
  Ребека Пенева

# ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА

*Молитвата не треба да ни биде последно средство туку прв ресурс*



- Благодарни срца
- Заедништво помеѓу заедниците
- Младински и детски групи
- Женски и машки групи
- Црковното раководство
- Социјалната работа која се извршува преку Дијаконијата
- Духовно пробудување
- Учеништвото во црквата
- Детски и тинејџерски камп

# РЕСУРСИ

**Христијанска песнарка** | **Библија** | **Библија** | **Библија за деца**













*** сите апликации може да се инсталираат со скенирање на бар-кодот**

# ИНФОРМАЦИИ

## Сметка на ЕМЦ

Добредојдени се вашите доброволни прилози за работата со литература на ЕМЦ во Македонија, на која било од следниве сметки, со цел на дознака:
ЗА ЛИТЕРАТУРА

**НЛБ Банка**

210-0471551901-34

**Шпаркасе Банка**

250-0080004168-42

## Веб-страница

На www.emc.mk можете да ги следите тековните новости од активностите во сите заедници на Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*Фотографиите кои се користени во списанието се преземени од страните: www.unsplash.com и www.canva.com



Списанието е достапно онлајн на веб-страницата
Годишна претплата: 400 ден. (излегува 6 пати годишно)

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Ревека Василева
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 70 618 559 / literatura@emc.mk

www.emc.mk